**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5707/**

# З А П И С Н И К

**Од 127-ма седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 17.12.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Марјан Цветковски-Директор на МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,127-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 14:40 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 124-та,125-та и 126-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на преглед за склучени програмски договори.

3. Разгледување на Приговор на решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност бр.9359/4.

4. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на Записниците од 124-та,125-та и 126-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записниците од 124-та,125-та и 126-та седница на Програмскиот совет на МРТ.
Со забелешки по однос на запсиниците се јавија Ведат Мемедалија за засиникот 124-та седница,Ивана Трајковска исто така за записникот од 124-та сединца и Гајур Рамадани по однос на записникот од 126-та седница.
По расправата записниците од 124-та,125-та и 126-та седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање со предложените корекции.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **ги усвои** записниците од 124-та,125-та и 126-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2: **Разгледување на преглед за склучени програмски договори.**
Претседателката на советот посочи дека по однос на оваа точка од дневниот ред не се добиени дополнителни материјали што беа побарани од членовите на Програмскиот совет,и поради тоа нема материјали за расправа по оваа точка.
Директорот на МРТ не знам зошто нема доставено материјали до советот по оваа точка тие се одобрени од моја страна.
Заменик претседателот запраша дали службите го доставиле Заклучокот за материјалите по оваа точка до Директорот на МРТ, на што директорот одовори дека е доставен и по него се изготвен документот,само не е доставен до вас како совет.
Претседателката на Програмскиот совет предложи и беше прифатено од останатите членови на советот,расправата по оваа точка да се добие материјал и да се одржи на друга седница на советот во наредната седмица.

ТОЧКА 3:**Разгледување на Приговор на решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност бр.9359/4.**
По однос на оваа точка добиено беше мислење од Одделението за човечки ресурси во МРТ побарано со заклучок од Програмскиот совет на МРТ, а по однос на надлежноста на советот како второстепен орган на одлучување во дисцилински постаки.
Членот Ристе Панов даде еден свој вовед во оваа точка кој објасни пред присутните дека по однос на основниот закон-Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Сатутот на МРТ,Програмскиот совет како орган никаде не е наведено дека има надлежност да одлучува како второстепен орган во вакви постапки,додека во Законот за јавни претпријатија, како орган на одлучување се посочува Управниот одбор, што во нашиов случај би можеле да го толкуваме како Програмскиот совет,бидејќи како тело треба да го применуваме и овој закон за јавни претпријатија, бидејќи МРТ има статус на јавно претпријатие.Исто така кажа дека и во мислењето на одделението за човечки ресурси на МРТ, е посочен Програмскиот совет на МРТ дека врши всушност функција на Управен одбор, и со тоа по однос на законот за јавни претпријатија претставува орган на одлучување во второстепена постапка.
Ристе во продолжение обајсни дека во врска член 37-о од Законот за јавни претпријатија,Програмскиот совет на МРТ не успеал во предвидениот рок од 8 дена да го добие на седница на разгледување Приговорот на решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност,и поради тоа не може сега да донесеме одлука, но можеме да му дадеме препорака за постпаување на Директорот на МРТ.
Имајќи ги во предвид доказите кои ги добивме во состав на Приговорот на решението за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност како и од изјавите на другите вработени кои биле тогаш присутни, Ристе предложи Програмскиот совет на МРТ да му предложи на Директорот на МРТ во форма на препорака повлекување или поништување на решението за дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност.

Снежана Клинчарова од извештајот на директорот на МТВ-Захарија се гледа дека не е нанесена програмска штета,дневникот е поминат како што треба и во целава оваа случка Марјан Рашован е најмалку виновен и во случајов немало никаква причина за кавга, и за да не се наруши уште толку работниот амбиент ние треба да му препорачаме на директорот да изнајде начин однсоно да ги повика на еден разговор во насока да се подобри работната атмосфера и дисциплина.

По однос на приговорот на решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност со бр.04-4359/6 од 21.10.2020 година беше предложен Заклучок:

•Програмскиот совет на МРТ не донесе одлука по Приговорот на решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност со бр.04-4359/6 од 21.10.2020 година.

Програмскиот совет на МРТ му укажува на Директорот на МРТ со цел подобрување на севкупната работна атмосфера и дисциплина во МРТ, уште еднаш да го разгледа донесеното решение.

-Заклучокот беше **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**

По оваа точка од дневниот ред до Директорот на МРТ беше поставено прашање до каде е постапката за наградување на спортските коментатори по Заклучокот на Програмскиот совет од минатата седница.Директорот на МРТ одговори дека е даден налог и дека службите би требало да имаат постапено по истото.

По оваа точка од денивнот ред беше исто така одлучено материјалот од точка 2,односно прегледот на склучени договори да биде разгледуван на посебна седница на 22.12.2020 година.

Седницата заврши во 16:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател